**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

08 - 462/7
09.08. 23

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 61 седница одржана на 30.06.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „ Архитектура", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „ Архитектура", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по архитектура /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Architecture. Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 201, 208, Научно – истражувачка област: 20100, 20112, 20114, 20118, 20800, 20801, 20803, 20804.
4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во втора година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 40 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената Одлука бр. 09-500/6 од 01.02.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „ Архитектура", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за архитектура и дизајн, Универзитет Американ Колеџ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 02-497/1 од 31.01.2023 година (наш бр. 08 - 462/1 од 31.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 462/6 од 01.08.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образованиое („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 61-та седница одржана на 30.06.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова